Врз основа на член 39 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002год.) и член 33 од Деловникот на Советот на Општина Свети Николе ("Службен гласник на Општина Свети Николе" бр. 2/06) , Претседателката на Советот на Општина Свети Николе на ден 21.09. 2023 година донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за свикување на триесетишестата редовна седница на Советот на Општина Свети Николе**

Триесетишестата редовна седница на Советот на Општина Свети Николе ќе се одржи на ден **27.09.2023 година (среда) со почеток во 14:00 часот** во салата за седници на Совет на Општина Свети Николе.

За седницата го предлагам следниот

**Д н е в е н р е д**

Усвојување на Записник од триесетипеттата редовна седница на Советот на Општина Свети Николе одржана на ден 06.09 . 2023 година;

**Точка 1**
Предлог – Решение за именување претставник од Совет на родителите во Управниот одбор на Општинска јавна установа за деца - Детска градинка „Рахилка Гонева„Свети Николе;

**Точка 2**
Предлог – Одлука за давање согласност на Измена и дополнување на Годишен план за вработување на Општина Свети Николе за 2023 година;

**Точка 3**
Предлог – Одлука за доделување на еднократна парична помош за средношколци редовни ученици запишани во прва учебна 2023/24 година во Средно училиште на територијата на Општина Свети Николе;

**Точка 4**
Предлог – Одлука за формирање на организациона структура за изработка и спроведување на ЛЕАП;

**Точка 5**
Предлог - Одлука за давање согласност на Одлука за поништување на одлуката за бесплатен пристап и користење на инфраструктурата на гробиштата од страна на операторите на погребалните услуги;

**Точка 6**
Предлог - Одлука за давање согласност на предлог Одлука за изменување на одлуката за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платата на вработените во ЈП „Погребални услуги" Свети Николе за 2023;

**Точка 7**

Предлог Одлука за давање согласност на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за зголемување на надоместок и бесплатни услуги за погреб на покоен;

**Точка 8**

Предлог Одлука за давање согласност на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување цени за продажба на трговски добра и услуги на ЈП "Погребални услуги "Свети Николе;

**Точка 9**

Предлог – листа на кандидати за избор на командир во ПЕ Свети Николе;

**Точка 10**

Барање финансиска помош од лицето Р.С.;

**Точка 11**

Барање финансиска помош од лицето С.В.;

**Бр.0801-518**
**21.09. 2023 година**
**Свети Николе**

**Совет на Општина Свети Николе**
**Претседател,**
**Валерија Ивановска**

___________________________